Република Северна Македонија
Државен инспекторат животна средина

Палата"Емаануел Чучков"
Ул.Бихаќа бр.2, 5ти спрат
Република Северна Македонија

Е-пошта: v.ljateva@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

ИП 1Бр 25-04
Дата: 03.02.2025
Гевгелија,

Државниот Инспекторат за животна средина преку Вера Љатева ,со службена легитимација број 06-0016 ,изврши Редовен инспекциски надзор во ДПТУ Вори Јорданка дооел Гевгелија, , застапувано од Јорданка Ристова , и со Записник бр ИП1 25-04 од 28.01.2025 година ,ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 232 став 2 од Закон за води (Сл.весник на Р.М. бр87/08,6/09,16/09,51/11,44/12,163/13, 180/14 , 146/15и 52/16), , и член83 од Законот за инспекциски надзор( Сл весник на РСМ бр 50/11...102/2019)донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** ДПТУ Вори Јорданка дооел Гевгелија да ги одстрани недостатоците утврдени со записник ИП1 25-04 од 28.01.2025г и тоа:

1. До Државниоот Инспекторат за животна средина да достави на увид платен надоместок за потрошена вода согласно издадена Дозвола за користење на вода за 2024година од Министерството за животна средина и просторно планирање.
Рок: 30(триесет )дена.
2. На зафатниот објект да се вгради уреди за континуирано мерења на зафатените количини на вода и да се води уредна евиденција на дневна основа
Рок: 60(шеесет )дена.
3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1и2на оваа решение ,е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка ,а најдоцна во рок од три дена писмено /или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.
4. Жалбата против оваа решение не го одлага неговото извршување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инспекторат за животна средина изврши Редовен Инспекциски надзор во Вори Јорданка дооел Гевгелија .При што се констатира : Правниот субјект ја врши дејноста конзервирање на овошје и зеленчук.За потребите на процесот на производство користат вода од сопствено водно тело –подземна вода бунар.За искористената вода имат добиено Дозвола за користење на вода издадена од МЖСПП со број УП1 11/5-921/2021 од 02.11.2021година.Технолошката вода се користи во сезона период од 07месец до 11месец во текот на годината.Во моментот на надзорот не се достави наплатениот надоместок за потрошената вода.Нема вградено мерен уред за зафаќање на водата од подземноото водно тело.

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

[redacted]

Република Северна Македонија
Државен инспекторат
животна средина

Палата"Емаануел Чучков"
Ул.Бихаќа бр.2, 5ти спрат
Република Северна Македонија

Е-пошта: v.ljateva@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Од сето погоре наведено е спротивно на член 51 од Законот за водите (Сл.весник на Р.М. бр87/08,6/09,16/09,51/11,44/12,163/13,180/14 , 146/15,52/16…151/2021).
Согласно овластувањето дадено во член 232 став 1точка5 а во врска со член 232 став2 точка8 од Законот за водите (Сл.весник на Р.М. бр87/08,6/09,16/09,51/11,44/12,163/131,80/14 , 146/15,52/16…1521/21), се донесе одлука како во диспозитивот.
Доколку во предвидениот рок не се постапи по Решението Државниот Инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка согласно член 234став 3и4 од Законот за води (Сл.весник на Р.М. бр87/08,6/09,16/09 ,44/12,123/12...52/16і 151/2021).
Жалбата изјавена против оваа Решението не го одлага неговото извршување согласно член 240 став6 од Закон за води (Сл.весник на Р.М. бр87/08,6/09,16/09,51/11,44/12,163/13,180/2014146/15,52/16…151/21).
Врз основа на горе изнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против ова решение согласно член 84 од Закон за инспекциски надзор ( Сл весник на РСМ бр 50/11...102/2019) може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка од работен однос и инспекциски надзор од втор степен во рок од 15 дена од приемот на решението.
Жалбата се таксира со 250,00(двестаи педесет) денари административни таксени марки.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Гевгелија под број ИП1 25-04од 03.02.2025г.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Љатева Вера

Доставено до:
-Архива
-Вори Јорданка дооел Гевгелија,